РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН
Бр. 08 - 776/4
17. 11 2023 год.
ВЕЛЕС

# СОУ „Гимназија Кочо Рацин“

## Велес

# ПРОГРАМА

за изведување на стручно-истражувачка екскурзија за учениците од втора година

во учебната

2023/2024

**Програма за стручно – истражувачка училишна екскурзија во средно образование во**
**СОУ "ГимназијаКочо Рацин" -Велес за учебната 2023/24 година**

## Содржина на програмата за стручно – истражувачка училишна екскурзија:

- Услови за реализација
- Воспитно-образовни цели
- Задачи
- Содржини и активности
- Учесници (Раководител на екскурзијата, професори и ученици)
- Тим за водење на екскурзијата
- Времетраење на екскурзијата
- Локации за посета и правци на патување,
- Техничка организација
- Начин на финансирање

**Предлог релација: Велес – Тетово – Вруток – Бигорски – Рајчица – Вевчани – Охрид – Велес**

**Време на реализација – април, мај,јуни 2024 година**

**Раководител на екскурзијата–Сашко Николовски**

**Број на ученици – најмалку 65 +/- 15% ученици од генерацијата**

**Техничка организација –** безбеден туристички автобус, климатизиран со доволен број на седишта,хотел со (најмалку) 3 ѕвезди, оброци

*****************************************************************************

***Врз основа на член 24-а став 11 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99,29/02, 40/03, 42/2003, 67/04, 55/05, 113105, 35106, 30107, 49/07, 81 /08, 92/08, 33/10,116/10, 156110, 18/11, 51111, 6/12, 100112, 24/13 и 41/14), министерот заобразование и наука, донесе ПРАВИЛНИК за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта.***

На предлог на в.д. директоротна училиштето - Илија Попов, на седницата на Училишниот одбор одржана на ден 16.10.2023 година, донесена е одлука за формирање на посебен Стручен тим (Стручниот тим го сочинуваат директорот на училиштето, раководителот на екскурзијата, класните раководители, стручните соработници и дел од наставниците кои реализираат настава во траење од најмалку една година во паралелките кои одат на екскурзија).

1. За подготовките ***од стручно - педагошко - организационен и безбедносен карактер*** во изведувањето на оваа завршна училишна екскурзија за учебната 2023 /24 година е формиран стручен тим во состав:

1. Илија Попов–в.д.директор
2. Бранка Донева – педагог
3. Анита Смилевска – психолог
4. Ленче Перчинковска – дефектолог
5. Сашко Николовски – раководител на паралелка и раководител на екскурзија
6. Александра Стојановска – раководител на паралелка
7. Петранка Стојанова – раководител на паралелка
8. Зоран Јованов – раководител на паралелка
9. Благица Аризанова Шопов – раководител на паралелка
10. Марија Гајдова – наставник

Училишната екскурзија е со општ карактер и треба да ги задоволи следните цели:

2. **Општа целнаекскурзијатасе**:

1. Усвојување и проширување на знаењата од повеќе области(историја, географија, македонски јазик и литература, албански јазик и литература, уметност, урбана култура, иновации и претприемништво, меѓуетничка култура) и др.;
2. Развивање нови интереси и проширување и продлабочување на постоечките;
3. Запознавање со културно-историските, национални и естетски вредности на други држави;
4. Примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на одредени појави, природните убавини, културно-историските знаменитости на поблиската и пошироката заедница;

3. **Воспитно - образовни задачи** на екскурзијата

1. Запознавање со културата, историјата и други знаменитости на други општини;
2. Запознавање со културата,стилот на живеење и други занимливости на поедини области и региони и градови;
3. Формирање позитивен однос кон националните, интернационалните, културно-историските и естетски вредности на други места;
4. Развивање,потикнување и манифестирање позитивни емоции спрема други луѓе;
5. подобрување и воспоставување на меѓусебните релации, развивање и негување на другарство низ заеднички прошетки,солидарност, рекреација и забава;
6. Формирање и потикнување демократски ставови према материјални и духовни добра;
7. Развивање и потикнување колективна свест и заштита (спрема материјална и општествена/животна средина).
8. Да ги прошири веќе стекнатите знаења за природните убавини на Охрид, Бигорски Манастир, Рајчица (женски манастир), Вевчани, Шарена џамија – Тетово, Вруток, Вевчански извори и др.

4. **Содржини и активности**

- Посета и набљудување на познати нациналнi,културно-историски места, локалитети и знаменитости на Охрид, Бигорски Манастир, Рајчица (женски манастир), Вевчани, Шарена џамија – Тетово, Вруток, Вевчански извори и др.

- Организирање прошетки,посета на организирани настани, организирањезабавни интерактивно вечерии сл.
- Рекреативни активности соодветни за возраста и интересот на учениците со активно учество на професорите;
- Одмор и релаксација со слушање музика

## 5. УЧЕСНИЦИ (Раководител на екскурзија, наставници и ученици)

После добиента соглсност за изведување на екскурзијата таа ќе се организира и изведе согласност законот со учениците од втора година (доколку пријавениот број на ученици е во согласност со пропишаните препораки од страна на Министерството за образование и наука), како и класните раководители. На екскурзијата не може да се пријави ученик на кој му е изречена педагошка мерка опомена пред отстранување од училиште и не го почитувал кодексот на однесување на учениците.

Раководител и одговорен професор за екскурзијата именува Директорот од редот на наставниците кои реализираат настава во паралелките со кои ќе се изведе екскурзијата. За раководител на екскурзијата е именуван **Сашко Николовски** професор по историја и раководител на паралелкаII– 4.

Паралелки и класни раководители кои ќе бидат вклучени во изведување на екскурзијата:

II-1 - Александра Стојановска
II-2 - Зоран Јовановски
II-3 - Петранка Стојанова
II-4 - Сашко Николовски
II-5 – Благица Аризанова Шопов

Ученици кои ќе присуствуваат на екскурзијата се од паралелките : II-1,II-2,II-3,II-4,II– 5

## 6. Времетраење на екскурзијата

Стручно – истражувачката училишна екскурзија (која се организира еднаш во текот на втоарата учебна година од средното образование,ќе трае најмногу 2 (два) дена со1(едно) ноќевање и ќе се реализира во период **април - мај - јуни 2024** година.

Почитувајќи го интересот на учениците и родителите (анкетен прашалник) во однос на екскурзијата, предвидено е истата да се релизира на релација (локации за посета и правци на патување):

**Велес – Тетово – Вруток – Бигорски – Рајчица – Вевчани – Охрид – Велес**

**Прв ден:**
Заминување за Тетово во посета на Шарена Џамија. Потоа групата се упатува кон Вруток во посета на изворите. По посетата на Вруток групата се упатува кон Бигорски манастир. По посетата на Бигорски манастир групата се упатува кон Рајчица каде следува посета и разглед на манастирот. По оваа посета групата се упатува кон Вевчани каде се посетуваат изворите и се остава индивидуално време за факултативен ручек во Вевчани. По посетата на Вевчани групата се упатува кон Струга. Посета на манастирот Калишта. По завршување на посетата групата се упатува кон Охрид каде се сместува во хотел има вечера и ноќевање.

**Втор ден:**
Денот започнува со појадок на групата и потоа пешачка тура со посета на куќата на Робевци, црквата Св. Софија, Антички театар, Самоилова тврдина, Св. Климент и Пантелејмон Плаошник и Св. Јован Канео. По пешачката тура групата оди на крстарење до манастирот Св. Наум. Во текот на крстарењето има можност за уживање во убавините на Охридско езеро, црквата Св. Заум и бескрајното синило на Трпејца. По пристигнување и разглед на манастирот има слободно време за индивидуални активности. Враќање во вечерните часови во Велес.

## 7. Техничка организација на изведувачот

Екскурзикјата ја организира СОУ„Гимназија Кочо Рацин" – Велес со барање за прибирање на понуди за организирање на екскурзии, со објавување на јавен оглас во најмалку два весницка. Постапката ја спроведува Комисијата, составена од пет члена формирана со одлука на Училишниот Одбор. Комисијата ги разгледува понудите, прави евалуација и предлага агенција, која смета дека ги задоволува критериумите за изведување на екскурзијата според член 19 од Правилникот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности. Училишниот Одбор, во рок од пет работни дена, донесува одлука за избор или за поништување на постапката.

- Екскурзијата да биде изведена со висококвалитетенавтобус (со клима уред и телевизор) обезбеден од страна на агенцијата која ќе ја изведува екскурзијата,
- Да има обезбедено претставник од агенцијата, односно водич, а, при посетата на локалитети даима организирано локални водичи,
- Обезбедување соодветна здравствена заштита со присуство на доктор и потребна медицинска опрема за прва помош прилагодена за патнички и теренски услови,
- Обезбедување соодветни услови за сместување: хотел со (најмалку) 3 ѕвезди, мени на исхрана (со организиран доручек и вечера во хотелот во кој ќе се престојува),
- Обезбедено патничко и здравствено осигурување на учениците,
- Обезбедување влезници за посета на знаменитости и организирање на забавни вечери.

**Техничката организација помогната од:*стручен тим,комисија заприбирање на понуди за организација на екскурзија и професионална туристичка агенција избрана преку Барање за прибирање понуди, која треба да ги исполнува следниве минимални услови*:**

- да е регистрирана согласно позитивните прописи во Република Северна Македонија за вршење на соодветна туристичка дејност,

- да има успешно реализирани најмалку три ученички екскурзии и други слободни активности во последните три години,

- да ги исполнува условите за превоз на групи деца согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца,

- понудата на понудувачот кој не ги исполнува минималните услови ќе биде одбиена од страна на Комисијата како неприфатлива.

## 8. Начин на финансирање

- ✓ екскурзијата ќе биде финансирана одстрана на родителите/старателите, со можност за плаќање на рати, вклучувајќи поволности за ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства, попусти за плаќање во готово и попусти на повеќе членови од едно семејство;
- ✓ цените во понудите да бидат фиксни, односно да нема корекција на цени во текот на реализација на договорот;
- ✓ во цената да влегува патничкото и здравствено осигурување на учениците.

**Стручен тим за подготовка на Програмата за училишни екскурзии за II (втора) година за учебната 2023/2024 година во состав:**

1. Илија Попов – в.д.Директор ____________
2. Бранка Донева – педагог ____________
3. Анита Смилевска – психолог ____________
4. Ленче Перчинковска – дефектолог ____________
5. Сашко Николовски – раководител на паралелка и раководител на екскурзија ____________
6. Александра Стојановска – раководител на паралелка ____________
7. Петранка Стојанова – раководител на паралелка ____________
8. Зоран Јованов – раководител на паралелка ____________
9. Благица Аризанова Шопов – раководител на паралелка ____________
10. Марија Гајдова – наставник ____________

Раководител на екскурзијата:
Сашко Николовски